**ПЛАН И ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА**

**ВО ООУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“**

**Учебна 2021/22**

ООУ „Ванчо Николески“ во себе вклучува:

- Централно училиште во Лескоец, брои 230 ученици
- Подрачно училишта во Косел, брои 33 ученици
- Подрачно училиште во Куратица, брои 8 ученици
- Подрачна паралелка Ливоишта, брои 2 ученика

Во согласност со Планот и Протоколите за постапување на основните училишта и организирање на наставата со физичко присуство на сите ученици, наставата во нашето училиште во учебната 2021/22 на 1-ви Септември ќе отпочне на следниов начин:

- ✓ Од I до V во централното училиште (119 ученици) – со физичко присуство во една смена
- ✓ Од VI до IX во централното училиште (111 ученици) – со физичко присуство во друга смена
- ✓ Во сите ПУ со физичко присуство (вкупно 43 ученици)

Вкупниот број на ученици од I – IX одделение во ООУ „Ванчо Николески“ изнесува 273, и наставата на 01.09.2021 ќе започне со физичко присуство за сите ученици. Доколку се влоши епидемиолошката слика и се појави потреба од друго сценарио вотњкот на годината (онлајн настава или хибриден модел на настава), училиштето ќе го организира и тоа.

**ПЛАН И ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА**

**ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ ЛЕСКОЕЦ**

## I. ОСНОВНИ УСЛОВИ, БРОЈ НА УЧИЛНИЦИ И СМЕНИ

Во централното училиште во Лескоец располагаме со 9 училници подготвени за настава со физичко присуство за учениците од I до IX одделение (во две смени). Во една смена би доаѓале учениците од 9 паралелки од одделенска настава (од I-V, со исклучок на една паралелка од прво одделение), а во друга смена би доаѓале учениците од предметна настава (со една паралелка од прво одделение). Двете паралелки од прво одделение би доаѓале во различни смени, поради користење на иста просторија за прво одделение. Исто така располагаме и со кабинет по информатика, кој ќе се користи само од страна на наставникот кој предава информатика и проекти од информатика и програмирање од VI – IX со соодветната паралелка ученици кои имаат такви часови по распоред, а нема да се користи за одделенска настава. Бројот на ученици во сите генерации не надминува повеќе од 15 ученици, освен генерацијата во VIII одделение каде двете паралелки имаат по 18 ученици. При подготовката на училниците ќе се води сметка поголемите паралелки да бидат сместени во поголемите училници и да се направи максимално можно растојание меѓу нив.

Сите училници (вклучувајќи го и кабинетот по информатика) се обележани со број од 1 до 10 и ознака која паралелка е во која училница. Сите тие се веќе уредени според протоколите за Ковид 19 и се овозможени услови за максимално растојание помеѓу учениците, како и помеѓу

учениците и наставникот. Училницата број 1 се користи само за настава за прво одделение (Іа и Іб), и тоа наставата во двете паралелки во прво одделение ќе започнува во 8:30 во прва смена, односно во 13:30 во втора смена. Промена на смените на паралелките од прво одделение ќе настане во второто полугодие.

Првата смена во училиштето во целост ќе започнува во 7:30 часот, а втората во 14:00 часот. За настава во прва смена ќе се користат училниците од 1 до 9 соодветно, а за предметна настава од 2 до 10 соодветно. Наставата во паралелките од одделенска настава ќе почнуваат со временска разлика од по 15 минути. Помеѓу двете смени ќе има најмало растојание од 1 час, па во тој период сите училници кои ќе се користат за настава со физичко присуство во прва смена, ќе бидат соодветно дезинфицирани пред во нив да започне наставата за втората смена. Дезинфекција на училниците, и сите достапни површини ќе се прави пред почеток на наставата, меѓу часови кога учениците од соодветната училница се на голем одмор, и по завршување на наставата.

Во изминатиов период сите сите 10 училници ги опремивме со персонален компјутер, веб камера и интернет, за да може наставата да ја следат и ученици за кои родителите евентуално побарале и доставиле соодветен документ дека нивните деца наставата не можат да ја следат со физичко присуство, туку ќе ја следат онлајн. Тие ученици наставата ќе ја следат онлајн паралелно додека учениците од нивната паралелка ја следат со физичко присуство. Исто така сите училници се опремени со смарт телевизори, со што ќе се стимулира примена на дигитални наставни содржини, ќе се подобри квалитетот на наставата и ќе делува мотивирачки како за учениците, така и за наставниците.

## II. БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО ПАРАЛЕЛКИ И ПЛАН ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛНИЦИТЕ, ВРЕМЕ НА ДОАЃАЊЕ И ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА НАСТАВАТА

| Бр. на училница | | Училница 1 | Училница 3 | Училница 2 | Училница 4 | Училница 8 | Училница 6 | Училница 7 | Училница 5 | Училница 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Паралелка и број на ученици | | Іа влез А (11) 5 | Vб влез Б (14) 1 | Vа влез А (14) 1 | IIIа влез А (10) 3 | IVб влез Б (13) 2 | IIб влез Б (11) 4 | IVа влез А (13) 2 | IIIб влез Б (9) 3 | IIа влез А (12) 4 |
| Време на прием | | 8:15 – 8:25 | 7:15 – 7:25 | 7:15 – 7:25 | 7:45 – 7:55 | 7:30 – 7:40 | 8:00 – 8:10 | 7:30 – 7:40 | 7:45 – 7:55 | 8:00 – 8:10 |
| ПРВА СМЕНА | 1 | 8:30 – 9:10 | 7:30 – 8:10 | 7:30 – 8:10 | 8:00 – 8:40 | 7:45 – 8:25 | 8:15 – 8:55 | 7:45 – 8:25 | 8:00 – 8:40 | 8:15 – 8:55 |
| | 2 | 9:15 – 9:55 | 8:15 – 8:55 | 8:15 – 8:55 | 8:45 – 9:25 | 8:30 – 9:10 | 9:00 – 9:40 | 8:30 – 9:10 | 8:45 – 9:25 | 9:00 – 9:40 |
| | ГО | 9:55 – 10:10 | 8:55 – 9:10 | 8:55 – 9:10 | 9:25 – 9:40 | 9:10 – 9:25 | 9:40 – 9:55 | 9:10 – 9:25 | 9:25 – 9:40 | 9:40 – 9:55 |
| | 3 | 10:10 – 10:50 | 9:10 – 9:50 | 9:10 – 9:50 | 9:40 – 10:20 | 9:25 – 10:05 | 9:55 – 10:35 | 9:25 – 10:05 | 9:40 – 10:20 | 9:55 – 10:35 |
| | 4 | 10:55 – 11:35 | 9:55 – 10:35 | 9:55 – 10:35 | 10:25 –11:05 | 10:10 –10:50 | 10:40 –11:20 | 10:10 –10:50 | 10:25 –11:05 | 10:40 –11:20 |
| | 5 | 11:40 – 12:20 | 10:40 – 11:20 | 10:40 – 11:20 | 11:10 –11:50 | 10:55 – 11:35 | 11:25 –12:05 | 10:55 – 11:35 | 11:10 –11:50 | 11:25 –12:05 |
| | 6 | | 11:25 – 12:05 | 11:25 – 12:05 | 11:55 –12:35 | 11:40 – 12:20 | 12:10 –12:50 | 11:40 – 12:20 | 11:55 –12:35 | 12:10 –12:50 |
| ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА УЧИЛНИЦИТЕ И УЧИЛИШНИОТ ХОЛ | | | | | | | | | | |
| Бр. на училница | | Училница 1 | | | | | | | | |
| Парал. и бр на уч. | | Іб (12) вл. Б | | | | | | | | |
| Време на прием | | 13:15– 13:25 | | | | | | | | |
| | 1 | 13:30 – 14:10 | | | | | | | | |
| | 2 | 14:15 – 14:55 | | | | | | | | |
| | ГО | 14:55 – 15:10 | | | | | | | | |
| | 3 | 15:10 – 15:50 | | | | | | | | |
| | 4 | 15:55 – 16:35 | | | | | | | | |
| | 5 | 16:40 – 17:20 | | | | | | | | |
| ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА УЧИЛНИЦАТА И УЧИЛИШНИОТ ХОЛ | | | | | | | | | | |
| ВТОРА СМЕНА | | | Училница 2 | Училница 3 | Училница 4 | Училница 5 | Училница 6 | Училница 7 | Училница 8 | Училница 10 |
| | | 13:40 –13:55 | VIIб | VIIа | VIб | VIа | IXб | VIIIб | VIIIа | IXа |
| | 1 | 14:00 – 14:40 | | | | | | | | |
| | 2 | 14:45 – 15:25 | | | | | | | | |
| | ГО | 15:25 – 15:45 | | | | | | | | |
| | 3 | 15:45 – 16:25 | | | | | | | | |
| | 4 | 16:30 – 17:10 | | | | | | | | |
| | 5 | 17:15 – 17:55 | | | | | | | | |
| | 6 | 18:00 – 18:40 | | | | | | | | |
| | 7 | 18:45 – 19:25 | | | | | | | | |
| ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА УЧИЛНИЦАТА И УЧИЛИШНИОТ ХОЛ | | | | | | | | | | |

**Појаснување на табелата:**

Во првиот дел од табелата е распоредот на времетраење на часовите кога прва смена се учениците од Iа, IIа, IIб, IIIа, IIIб, IVа, IVб, Vа и Vб. Во првите редови се напишани бројот на училници за соодветната паралелка, влезот од кој ќе влегува (А, Б), бројот на ученици во заграда на соодвертната паралелка, како и редоследот по кој учениците од таа паралелка влегуваат. Во редот обоен со сина боја е напишано времето на прием за учениците од секоја паралелка посебно, кое трае 10 минути, а започнува 15 минути пред започнување на првиот час. Со тоа учениците од секоја паралелка влегуваат во различно време (не се среќаваат надвор), во различно време им тече наставата, големиот одмор го имаат во различно време и на крај повторно завршуваат различно и заминуваат низ означениот влез од што тие го користат без да има мешање со други ученици. Часовите кои ги реализираат други наставници освен одделенските раководители (англиски ј., природни науки и техничко образование) според препораките ќе бидат организирани како блок часови.

Учениците од паралелката Iб со настава започнуваат во 13:30 часот, откако училницата за прво одделение е веќе дезинфицирана после престојот на учениците од Iа во неа.

Втората смена за предметна настава првите две недели ќе започнува во 14:00 часот. Учениците од паралелките VIа, VIIа, VIIIа и IXа ќе влегуваат од влезот А, додека учениците од паралелките VIб, VIIб, VIIIб и IXб ќе влегуваат од влезот Б. Приемот на ученици од предметна настава ќе се реализира во 15 минути и тоа започнувајќи од 13:40 па се’ до 13:55 часот. Предметниот наставник кој ќе реализира прв час во соодветната паралелка ќе врши постројување на учениците пред соодветниот влез од таа паралелка и внес на истите во училница после завршување на процедурата за влез (мерење температура, дезинфекција и проверка на носење маска). Предметниот наставник се грижи учениците да одржуваат меѓусебно растојание од минимум 1,5 метри, ги внесуваат учениците во нивната паралелка и остануваат со нив се’ до почеток на првиот час. По завршување на секој час, наставникот останува во паралелката во која веќе имал час се’ до ѕвоното кое го обележува започнувањето на следниот час. Во тој момент сите наставници ја напуштаат паралелката каде биле и одат во паралелката каде треба да имаат следен час. **Предметниот наставник не ја напушта просторијата претходно кога ѕвони за завршен час, туку кога ѕвони за почеток на нов час.** Исклучок од оваа ситуација е кога наставнкот има итна потреба од користење на тоалет, за што известува и повикува еден од редарите во училиштето да остане со учениците додека тој користи тоалет. Наставниците остануваат за време на малите одмори со учениците од претходниот час, се грижат тие да не се групираат, да држат растојание, да не ги тргнуваат маските, да ги почитуваат сите мерки за заштита од Ковид 19. Исто така за време на малите одмори се проветрува просторијата, доколку прозорите биле затворени на час – на малиот одмор задолжително се отвораат. Доколку некој ученик побара да оди во тоалет, предметниот наставник му дозволува за време на малиот одмор, но се пушта само по еден, напоменувајќи им во тоалетот да ги почитуваат мерките за нивно користење.

За време на големиот одмор (ист за сите ученици од предметна настава) што трае од 15:25 до 15:45 сите ученици излегуваат од соодветните влезови и остануваат во просторот „обележан“ за нив, односно не се мешаат учениците од паралелките А и Б, ниту пак се мешаат ученици од различни паралелки. За тоа се одговорни дежурните наставници (по 2 пред секој влез). Не е дозволено групирање на учениците за време на голем одмор, посебно не на ученици од различна паралелка. За време на големиот одмор учениците можат да ги тргнат маските надвор и да ја јадат од дома понесената храна. Не е дозволено за време на голем одмор учениците да се оддалечуваат од училишниот двор и да одат во продавница по храна и сл.

Табелата со време на доаѓање и реализирање на наставата по паралелки ќе биде истакната на видно место во училиштето.

## III. ВЛЕЗОВИ И ПРИЕМ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

- ✓ Во училиштето постојат 2 влеза (влез А и влез Б). За прием на учениците ќе се употребуваат двата влеза, и тоа паралелките А ќе го користат влезот А, а паралелките Б ќе го користат влезот Б. Така ќе ги користат влезовите постојано, и при влез, и при излез (и за време на одморите).
- ✓ При пристигнување на учениците пред влезовите во времето познато за прием на учениците, одговорниот наставник најпрво ги постројува учениците. Начинот на прием на учениците во училиштето ќе се одвива така што секој одделенски раководител/соодветен предметен наставник во определеното време на доаѓање на неговите ученици ќе ги пречекува на влезот на училиштето, ќе им мери температура со бесконтактен топломер (евидентира во список наменет за тоа), ќе проверува дали ученикот носи маска, ќе ги насочува да се дезинфицираат и ќе ги упатува во нивната училница со напомена да се движат според стрелките од десната страна и водат сметка да оддржуваат физичка дистанца од 1,5 метри.
- ✓ Има стрелки во кои ги насочуваат учениците како да се движат низ училишниот хол кон нивните училници.
- ✓ Училиштето воведува систем за еднонасочно движење на учениците низ холот (потпомогнато со стрелки, движејќи се секогаш десно), а наставниците, редарите и сите вработени постојано ќе ги потсетуваат учениците на тоа, и истите ќе се движат така како за пример.
- ✓ При движење на учениците по ходникот им се напоменува да не ги допираат ѕидовите, изложените творби, предметите.
- ✓ Распоред за влегување на учениците по паралелки во училиштето ќе биде истакнат на двата влеза во училиштето и на видни места.
- ✓ Во училишниот двор и во самото училиште ќе се поставаат ознаки за чекање во ред на учениците на оддалеченост од 1,5м.
- ✓ За контрола при влегување во училиштето и движење на учениците низ училиштето директорот определува плус и редари од редот на вработените и тоа 1 редар пред училиштето и 1 редар во училиштето. Назначените редари ќе имаат задача по потреба да ги насочуваат, потсетуваат, опоменуваат учениците како треба да се однесуваат во одредена ситуација и да ги почитуваат мерките.
- ✓ На влезовите ќе бидат поставени дезо бариери и средства за дезинфекција на раце.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО УЧИЛНИЦИТЕ

- ✓ Училниците се означени со броеви и истакнат е распоред за сместување на паралелки по училници.
- ✓ Откако учениците водени од одделенските раководители/предметните наставници ќе влезат во училницата, ќе се распоредат на нивните места и тука остануваат се' до големиот одмор кој е 15 минути и кога доколку временските услови дозволуваат ќе го поминуваат во училишниот двор заедно со одделенскиот раководител/предметниот наставник/дежурните наставници.
- ✓ Клупите во секоја училница се разместени на начин помеѓу учениците да има максимално можно растојние и во сите училници каде ќе има можност ќе има по 1 ученик во секоја клупа.
- ✓ На секоја клупа јасно се означени места на кои се седи, односно на кои не се седнува.
- ✓ Наставниците и учениците во текот на часот не ги отстрануваат маските и се на оддалеченост од учениците од најмалку 1,5м.
- ✓ Се искористува секоја можност наставата да се реализира надвор во училишната зграда.

- ✓ Учениците од една паралелка престојуваат во една училница, без можност за мешење на ученици од различни паралелки во иста училница.
- ✓ За време на наставата во училницата, доколку дозволуваат временските услови, се остава отворен прозорец.
- ✓ Наставата ќе се организира на отворен простор секогаш кога тоа е можно по ФЗО и по други предмети и при тоа не се носат маски, но се запазува физичка дистанца од 1,5 м.
- ✓ Забрането е групирање на наставниците внатре во училиштето/ходниците/канцелариите. Сите разговори, консултации, состаноци, размена на информации ќе се прават онлајн, со примена на платформата Microsoft Teams. Наставниците додека се во училиштето и имаат часови се грижат за редот и дисциплината на учениците каде непосредно имале час, а доколку завршиле со настава за тој ден го напуштаат училиштето.

## V. КОРИСТЕЊЕ НА БИБЛИОТЕКАТА И КАБИНЕТОТ ПО ИНФОРМАТИКА И ДРУГИ ЗАЕДНИЧКИ ПРОСТОРИИ

- ✓ Користењето на библиотеката и кабинетот по информатика ќе биде од група ученици од иста паралелка, така што да нема можност за мешање на повеќе ученици од различни паралелки.
- ✓ По користење на кабинетот по информатика од страна на една паралелка, се прафи дезинфекција на површините за да дојдат ученици од друга паралелка.
- ✓ Наставничката канцеларија се користи само од страна на наставниците и другите вработени во училиштето. Забрането е влегување на ученици и родители во наставничка канцеларија.
- ✓ Наставничката канцеларија се користи само во случаи кога наставникот има празен час или чека превоз и тогаш се внимава на растојание од 2 метри и носење маски. Забрането е без потреба задржување во наставничка канцеларија.

## VI. ИСХРАНА НА УЧЕНИЦИТЕ

- ✓ Учениците носат храна/оброк од дома соодветно спакуван или готов производ, при што водат сметка за стандардите и нормативите за исхрана. Оброкот го консумираат во училишниот двор кога дозволуваат временските услови или училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската од лице во училница. Во таква ситуација потребно е да се отворат сите прозори од училницата.
- ✓ Не е дозволено косумирање храна во училишниот ходник каде циркулираат ученици и вработени и каде се реализира настава по ФЗО кога условите не дозволуваат да е тоа надвор.
- ✓ Учениците ги дезинфицираат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.

## VII. КОРИСТЕЊЕ НА ТОАЛЕТИТЕ И ХИГИЕНА НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

- ✓ Во училиштето има 2 посебни тоалети за машки и за женски ученици, со по 4 единечни санитарни јазли за секое од нив. Истите ќе се чистат и дезинфицираат пред отпочнување на наставата и во текот на престојот на учениците во училиштето според планот за одржување на хигиена, за што ќе се води евиденција.
- ✓ Користењето на тоалетите ќе се организира на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца. Доколку внатре во тоалетот веќе има двајца ученици, следните ќе треба да чекаат надвор од тоалетот додека се ослободи санитарен чвор (односно излезе ученикот кој е внатре).
- ✓ За правилно користење на тоалетите се грижат редарите означени од страна на директорот.

- ✓ Во тоалетите ќе има сапун и услови за миење на рацете со проточна вода.
- ✓ Средства за дезинфекција се набавени и ќе има 3 пункта на кои ќе има средства за дезинфекција на учениците и вработените и написи со.
- ✓ Учениците и вработените ги мијат рацете со вода и сапун во траење од најмлаку 20 секунди или со употреба на други дезинфекциони средства (70% алкохол).
- ✓ Рацете ќе се мијат или дезинфицираат при влезот во училиштето, пред јадење, по употреба на тоалетот, после големиот одмор, час по ФЗО, по бришење нос, кивање во шамивче и сл.
- ✓ Училиштето ќе ги постави дезинфекционите средства на влезовите од училишната зграда, а течен сапун во сите училници и тоалети, како и дезо бариери на влезовите.

## VIII. РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНАТА СРЕДИНА

- ✓ Механичко чистење со вода и сапун или детергент, со користење на различни крпи за различни подови и простории, посебни за WC шољи, посебни за лавабоа, посебни за подови, посебни за клупи...) .
- ✓ Дезинфекција на различни предмети и површини за заедничка употреба кои често се допираат (клупи, столови, маси, спортска опрема и справи, кваки, рачки на прозорците, школски прибор како што се шестари, линијари и сл.). Дезинфекција ќе се врши со 70% алкохол откако механички ќе се исчистат многу валкани површини и предмети. Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените во училиштето и учениците, се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена, а најмалку два пати на ден. Училиштето изготвува листа на сите површини кои треба редовно да бидат чистени.
- ✓ Просториите задолжително се проветруваат после секој наставен час, и најмалку половина час пред пристигнување и по заминувањето на учениците.
- ✓ Чистење и дезинфекција ќе се вршат секојдневно, минимум по 2-3 пати на ден (пред почетокот на работа на училиштето, помеѓу смените и по завршување на работа на училиштето).
- ✓ Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата, за време на одморот кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство кое делува на вируси според упатство на производителот.
- ✓ Холот, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите училишни активности.
- ✓ Училиштето редовно ќе набавува основен потрошен материја и средства за одржување на адекватни санитарно – хигиенски услови во соработка со локалната самоуправа и родителите, за што претходно ќе изготви план на набавка и потребни средства според дневни, седмични и месечни потреби. Набавката ќе опфаќа: сапуни, тоалетна хартија, бришачи за едникратна употреба, кеси за ѓубре, средства за чистење, средства за дезинфекција, крпи, џогери и др.
- ✓ Постојано ќе се врши проветрување исклучиво по природен пат, со отворање на прозорците за време на секој одмор и помеѓу смените. Доколку временските услови тоа го овозможуваат, прозорците ќе бидат отворени и за време на одржување на наставата.

## IX. ЕДУКАЦИЈА ЗА НАЧИНИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ОД КОВИД 19 ВО УЧИЛИШТЕТО

- ✓ Пред отпочнување на наставата ќе биде организирана едукација на вработените за начините и значењето на превенцијата во училишната средина

- ✓ Првиот ден во училиштето започнува со упатства за учениците за тоа како правилно и безбедно да се однесуваат, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето.
- ✓ На влезот од училиштето, во ходниците и училниците се поставуваат едукативноинформативни материјали, насоки за заштита на здравјето и безбедност во училиштето и средства за дезинфекција на раце.

## X. НОСЕЊЕ МАСКИ

- ✓ Сите вработени и ученици при влезот во училиштето задолжително носат маски и истите ги носат цело време додека престојуваат во училиштето.
- ✓ Учениците носат маски постојано во текот на престојот во училиштето, односно задолжително ги носат и за време кога одговараат на прашањата и во текот на секој разговор, за време на било какво движење вон својата клупа, за време на одморот.
- ✓ Ученикот може да ја отстранува маската само кога е надвор од училиштето, однсно во училишниот двор (за време на големиот одмор).
- ✓ Во текот на престојот во училиштето учениците и вработените можат да носат било каков вид маска: платнена, епидемиолошка или хируршка. Маска се користи на исправен начин, односно така што го прикрива носот и устата.
- ✓ Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравување меѓу вработените во училиштето и меѓу учениците.

## XI. МЕРКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- ✓ Родителите навремено (пред отпочнување на наставата) ќе бидат запознаени со донесениот Протокол од страна на училиштето преку постирање во групи и преку Советот на родители.
- ✓ Родителите секојдневно треба да им проверуваат температурата на своите деца пред доаѓање на училиштето. Доколку нивните деца имаат поголема темпертура од 37,4 не треба да ги носат на училиште и треба да се обратат на матичниот лекар.
- ✓ Родителите нема да влегуваат во училиштето и училишните простории. На влезовите на училиштето ќе бидат поставени натписи со таква содржина. Редарите и дежурните наставници кои ќе бидат на влезовите ќе ги опоменуваат родителите на оваа мерка.
- ✓ Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите ќе се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација која што ќе ја договорат родителите и наставниците, или доколку дозволуваат временските услови на отворено.
- ✓ Родителите на помалите ученици ќе ги предаваат своите деца на нивните наставници кои ќе ги воведат во училишната зграда.
- ✓ Вратите на училишните згради ќе се заклучуваат откако ќе отпочне наставата и строго ќе се води сметка кој влегува во училиштето.
- ✓ Исклучок за влез на родители имаат само роситeлите на ученици со посебни потреби кои мораат да го придружуваат своето дете до училница. Во тој случај родителите задолжително носат маска, им се мери температура при влез и ги почитуваат сите мерки за заштита од Ковид 19. Истите не се задржуваат долго во училиштето.

## XII. ПОСТАПУВАЊЕ СО УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ИМААТ СИМПТОМИ НА РЕСПИРАТОРНАТА ИНФЕКЦИЈА СО СОМНЕЖ НА COVID19

- ✓ Во училиштето имаме просторија која е наменета како соба за изолација, која ќе биде обележана со натпис СОБА ЗА ИЗОЛАЦИЈА и која ќе се користи доколку се појави некој случај со температура или со симптоми за Ковид 19.
- ✓ Училиштето назначува лице за контакт со Центар за јавно здравје.
- ✓ Доколку симптомите се јават вон училиштето, учениците или вработените не доаѓаат на училиште, туку се јавуваат во соодветна амбуланта и го известуваат надлежниот во училиштето.
- ✓ Доколку за време на престојот во училиштето се јават симптоми кај ученик, во тој случај ученикот се изолира во собата за изолација. Потоа, назначеното лице стапува во контакт со родителите/старателите на ученикот, како и со Центар за јавно здравје.
- ✓ За ученикот се грижи само една личност која на себе става две маски и ракавици.
- ✓ Откако ученикот ќе го напушти училиштето, веднаш се врши дезинфекција на просторијата во која бил и училницата.
- ✓ Доколку симптомите се јават за време на престојот во училиштето кај некој вработен, истиот веднаш се јавува во соодветна амбуланта, а директорот го известува Заводот за јавно здравје и се врши дезинфекција на сите простории во кои истиот се движел и престојувал.

***Со Протоколот ќе бидат запознаени сите ученици, родители, вработени и други заинтересирани субјекти. Протоколот ќе биде доставен до сите надлежни органи и објавен во групи на вработени и групи на родители на социјални мрежи.***

## ПЛАН И ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

## ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ КОСЕЛ

- Наставата во училиштето започнува во 7:20 часот.
- Училиштето за влез и излез на учениците ги стави во функција сите влезови на училишната зграда и е изготвен распоред за влез/излез со различно време на влегување и излегување на учениците за секое одделение и е истакнат на видно место во училиштето.
- Во нашето училиште има вкупно 33 ученици, распределени во 6 паралелки, од кои две се комбинирани паралелки, а четири се чисти паралелки и тоа од (I-III) и (IV-V) се комбинирани паралелки со вкупно 18 ученици, а од VI-IX се чисти паралелки со вкупно 15 ученици.
- Учениците од I-V одд. наставата ја следат во две училници кои имаат посебни влезови, а учениците од VI-IX одд. следат настава на горниот кат од училишната зграда при што секое одделение е сместено во посебна училница и ги користат двата влеза од училнишната зграда. Секоја училница е обележана:
    - **Училница 1** (I-IIIодд.) – во неа следат настава 8 ученици, секој ученик седи на посебна клупа и е на растојание од 1,5 м од своето другарче;

- **Училница 2** (IV-V одд.) - во неа следат настава 10 ученици, секој ученик седи на посебна клупа и е на растојание од 1,5 м од своето другарче;
- **Училница 3** (VI одд.) – во неа следат настава 6 ученици, секој ученик седи на посебна клупа и е на растојание од 1,5м од своето другарче;
- **Училница 4** (VIIодд.) – во неа следат настава 2 ученици, секој ученик седи на посебна клупа и е на растојание од 1,5м од своето другарче;
- **Училница 5** (VIII одд.) – во неа следи 1 ученик, тој е поставен на посебна клупа и е на растојание од 1,5м од катедрата на одд. раководител;
- **Училница 6** (IX одд.) – во неа следат 6 ученици, сите ученици се поставени на посебни клупи и се на растојание од 1,5 м.

  - ❖ Во училнишната зграда на горниот кат има уште 2 резервни обележани училници кои се комплетно подготвени за изведување на настава според потребите на учениците.
  - ❖ Сите училници во училиштето се комплетно наместени со клупи на растојание од 1,5м

- Учениците од I-III одд. започнуваат во 7:40 часот, а учениците од IV-V одд. започнуваат во 7:30 часот, при што ги користат надворешните влезови од нивните училници кои се наоѓаат на растојание од централниот влез на училиштето, а учениците од VI-IX одд. започнуваат во 7:20 часот при што ги користат двата влеза на училишната зграда.
- На секој влез од училиштето учениците се пречекани од дежурен наставник, кој се грижи ученикот да ги дезинфицира обувките и рацете, односно му помага на ученикот да ги дезинфицира рацете со дезинфекционо средство.
- Кај учениците од I-Vодд. одговорни се одд. раководители кои секојдневно додека трае наставата се грижат за нивните потреби, а за учениците од VI-IX одд. секојдневно одговорни се нивните одд. раководители и уште еден предметен наставник избран од редот на наставници.
- Протокот на ученици и сите вработени во училиштето се одива по строго контролиран ред, со поставување на ознаки со кои се означува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание од 1,5 метар при што учениците чекаат ред пред и внатре во училиштето.
- За контролиран влез и излез во/од училиштето, пред и внатре во училиштето се организира редарска служба, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 1,5 метар и тоа 2 редари пред влезот на училиштето и 2 редари во училиштето. Редарите се ангажирани од редот на вработените во училиштето и тие не се променуваат во текот на еден работен ден.
- За секој ден е изготвен распоред за контролирање и правилно спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците кој е поставен на видно место во училиштето.
- На влезот од училиштето во ходниците и училниците се поставени едукативно-информативни материјали, насоки за заштита на здравјето и безбедност во училиштето и средства за дезинфекција на раце.

- Родителите/старателите имаат право да ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето, но се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родители/старатели на ученици со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето.

- На сите ученици пред влезот на училиштето им се мери телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на покачена телесна температура (над 37,4°) нема да се дозволува влез на ученикот во училиште и родителот се упатува на консултација кај матичниот лекар на ученикот. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.

- На сите вработени им се мери телесна температура пред влезот на училиштето со безконтактен топломер и во случај на зголемена температура (над 37,4°) вработениот се упатува кај матичен лекар.

- Сите вработени при влезот во училиштето задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете.

- Наставата во училница задолжително се изведува со физичко растојание од 1,5 метри помеѓу учениците и наставникот и учениците.

- Сите вработени во училиштето и учениците при влегување во училиште, за време на престојот во училиште и за време на наставата, задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 м при што носат заштитна маска/покривка на лице, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.

- Ако е можно и дозволуваат временските услови, наставата се реализира надвор од училница во училишниот двор, на отворено.

- Првиот ден од наставата започнува со упатства за учениците за тоа како правилно и безбедно треба да се однесуваат, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето.

- Се забранува поздравување со физички контакт за вработените во училиштето и меѓу учениците.

- За време на наставата и одморите, со учениците задолжително е присутен класниот раководител/наставник кој се грижи за почитување на физичка дистанца меѓу учениците.

- Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените во училиштето и учениците, се дезинфицираат најмалку два пати на ден.

- Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата, за време на одморот кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство.

- Тоалетите секогаш се функционални заради овозможување услови за почесто миење на рацете со проточна вода и сапун при што учениците задолжително запазуваат физичка дистанца од 1,5м.

- Учениците користат два тоалети кои се поставени надворешно од училишната зграда и еден тоалет за наставниците и техничкиот персонал кој се наоѓа на горниот кат од училишната зграда.

- Холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршување на сите училишни активности.
- Наставниците избегнуваат подолго да се задржуваат во наставничката канцеларија и задолжително запазуваат физичка дистанца од 1,5м.
- Чистењето на фискултурната сала, соблекувалните и другите помошни простории, се врши веднаш по користењето од страна на секоја група ученици.
- За време на наставата во училницата, доколку дозволуваат временските услови, се остава отворен прозорец.
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација за којашто се договараат наставниците и родителите.
- Учениците носат храна/оброк од дома соодветно спакуван или готов производ, при што водат сметка за стандардите и нормативите за исхрана.
- Учениците оброкот го консумираат во училница во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската од лице во училница.
- Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.
- Користењето на спортската сала, библиотеката и други простории ќе биде од група ученици од иста паралелка, така што да нема можност за мешање на повеќе ученици од различни паралелки.
- Преминувањето низ заеднички простории е организирано така што додека учениците и наставниците од една паралелка поминуваат во исто време, учениците и наставниците од другите паралелки го чекаат својот ред, притоа им се укажува на учениците да не допираат површини или предмети во просторот каде се движат.
- Се забранува влегување на други лица во училниците се додека учениците се наоѓаат во нив, како и влегување во училишната зграда на лица кои не се вработени во училиштето или деца кои не се ученици на тоа училиште.
- Доколку во училиштето се појави заболен од Ковид 19 или лице кое имало контакт со лице заболено од Ковид 19 се изолира во посебна обележана просторија на горниот кат со задолжително носење на заштитна маска, прво се информира раководителот на училиштето, а потоа директорот кој воспоставува комуникација со ЦЈЗ за добивање на понатамошни насоки за постапување.
- Ако ученикот развие симптоми на Ковид 19 додека е во училиште, наставникот го изолира ученикот во посебна обележана просторија на горниот кат од училишната зграда со задолжително носење на заштитна маска и веднаш се известуваат родителите кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
- За спроведување на планот и протоколот на дневно ниво се грижи раководителот на ПУ, кој на дневна база го информира директорот за евентуално прекршување, непостапување или било каков друг проблем или потреба.

## ПЛАН И ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

## ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ КУРАТИЦА

1.Табеларен план по училници и одделенија:

| Одделение | | I,II,III,IV | | VI | VIII | IX | Просторија за изолација | Резервна училница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ученици +наставник | | 4+1 | | 1+1 | 1+1 | 2+1 | / | / |
| Број на клупи (ученици + наставник) | | 4 +1 | | 1+1 | 1+1 | 2+1 | / | / |
| Големина на училница | Должина во метри | 8,90 | | 5,40 | 5,30 | 8,60 | 3,10 | 9,10 |
| | Ширина во метри | 3,70 | | 5,25 | 4,60 | 5,30 | 2,60 | 5,30 |

Во оваа табела е претставена големина на училници како и број на ученици и наставници кои ќе прсуствуваа на наставен час. Во секоја учолница има доволно училишни клупи за секој ученик посебни и една клупа за наставник. Обезбедена е соба за изолација во која ќе биде изулиран тој што ќе покаже симтоми на КОВИД-19. (температура над 37,5 C°, малаксалост, кашлица, отежнато дишење, пролив, повраќање и др.). Додека резервната училница ќе се користи кога има лоши временските услови за физичко и здравствено образовани со примена на сите протоколи за дезинфекција.

2. Наставниците пристигнуваат во училиштето во 7:50 часот и дежрните наставници ги подготвуваат списоците за евиденција на температура и средство за дезинфекција. Учениците од одделенска настава ќе пристигнат на влезот од училиштето во 7:50 часот, а дежурниот наставник ќе ги намести на растојание од 1,5 метар, ќе им измери телена температура и ќе ја евидентират како и дезинфекција на рацете. После тоа учениците од одделенска настава се упатуваат во својата училница .Исто така дежурните наставници на влезот од училиштето во 7:55 часот ќе ги пречекаат учениците од предмена настава, кај тие ученици се почитуваат препораките за прописно растојание, мерење телесна температура, евидентирање на истата и дезинфекција на рацете. После тоа учениците од предмена настава се упатуваат секој во својата училница. Наставата започнува во 8:00 часот. Помеѓу сите часови паузата за одмор е 5 минути (кога учениците остануваат во училница) освен помеѓу вториот и третиот час паузата изнесува 20 минути за големиот одмот. После големиот одмор учениците од страна на дежурните наставници на прописно растојание се упауваат во својата училница. На големиот одмор кога се добри временските услови учениците на прописно растојание се во училишниот двор, а кога се лоши временските улови учениците го поминуваат големиот одмор во своите училници. Дежурните наставници за време од паузите се задолжени да одржуваат растојание помеѓу учениците. Пред тоалетите ќе биде поставено средство за дезинфекција и кутивче во кое ќе има црвен картон за женскиот тоалет и син за машкиот тоалет. Ученикот кога влегува во тоалет зависно од тоа дали оди во женскиот тоалет го зема црвениот картон, а ако оди во машкиот тоалет го зема синиот картон. Ако во кутивчето нема соодветен картон ученикот е должен да

чека во ходникот на прописно растојание. По вркањето на картонот врши дезинфекција на рацете и оди во својата училница.

По завршување на часовите учениците се упатуваат во своите домов .

**1.** 8:00 -8:40

**2.** 8:45 -9:25

**3.** 9:45 -10:25

**4.** 10:30-11:10

**5.** 11:15 -11:55

**6.** 12:00-12:40

**7.** 12:45-13:25

## ПЛАН И ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

## ПОДРАЧНА ПАРАЛЕЛКА ЛИВОИШТА

- Во ПП во Ливоишта има вкупно 2 ученици, комбинирана паралелка (I/II), и тоа 1 ученик во прво одделение и 1 ученик во второ одделение.
- Учениците следат настава во пространа училница каде има простор за физичка дистанца од 1,5 метри. За секој ученик има посебна клупа.

**I – II**

1. 8:00 – 8:40
2. 8:45 – 9:25

Голем одмор 9:25 – 9:45

3. 9:45 – 10:25
4. 10:30 – 11:10
5. 11:15 – 11:55
6. 12:00 – 12:40

Сите протоколи кои важат за подрачните улишта претходно, важат и за ова училиште.

Директор

Елена Ел Нади